**20242103643**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 37 став (2) и член 102 став (2) од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр.55/13, 41/14, 115/14, 116/15, 153/15, 192/15, 61/16, 172/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/19 и 155/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 октомври 2024 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ТАРИФНИКОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ТАРИФНИКОТ ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА КОРИСТЕЊЕ И УВИД НА ПОДАТОЦИТЕ ОД ГЕОДЕТСКО-КАТАСТАРСКИОТ ИНФОРМАЦИОНЕН СИСТЕМ, КАКО И ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ИЗРАБОТКА НА КАРТОГРАФСКИ ПРОИЗВОДИ И ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА СТАВАЊЕ ВО УПОТРЕБА НА КАРТОГРАФСКИОТ ПРОИЗВОД

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Тарифникот за изменување и дополнување на Тарифникот за висината на надоместокот за користење и увид на податоците од геодетско-катастарскиот информационен систем, како и за издавање на овластување за изработка на картографски производи и за висината на надоместокот за издавање на согласност за ставање во употреба на картографскиот производ бр. 0101-12164/1 од 30.8.2024 година, донесен од Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности, на седницата, одржана на 29.8.2024 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-8074/4<br>
8 октомври 2024 година<br>
Скопје

Претседател на Владата<br>
на Република Северна Македонија,<br>
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.